**АТАНАСОВСКА – ЦВЕТКОВИЌ Анета**[1]
**ЈОВАНОВИЌ Александра**[2]

**УДК: 347.65/.68(37)**
**347.65/.68:663.2(37)**

# НАСЛЕДУВАЊЕТО И НАСЛЕДУВАЊЕТО НА ВИНОТО ВО РИМСКОТО ПРАВО

**Апстракт**: Виното како производ, како пијалок е од искона познат. Низ историјата, се чини дека виното од секогаш е присутно на трпезите и е дел од исхраната, а се произведувало како од грозје, така и од останати овошки кои можат да ферментираат (капина или малина). Белешки за виното наоѓаме и во Светото Писмо, Библијата како и во најраните законици познати на цивилизацијата. Во овој труд, авторите примат ќе дадат на еден историски правен систем - римското право кое остава систем од трајни вредности и сè уште е актуелно во сферата на науката и научните истражувања. Во фокусот на овој труд се наоѓа прикажувањето на виното, кое се сметало за генеричка ствар (*res*) во стариот Рим, од аспект на наследувањето. Целта на овој труд ќе биде претставување на римските правни правила кои се однесувале на наследувањето и наследувањето на виното во согласност со истите, а притоа ќе се користи историскиот метод. Исто така, цел на овој труд е и да се прикаже виното во конкретен историски период, да се прикаже дека во римското право и нему му посветуваат и постоеле посебни и специфични правни правила во наследувањето.

**Клучни зборови:** *историја, правила, закон, производ, амфора.*

**ATANASOVSKA CVETKOVIC Aneta**[3]
**JOVANOVIC Aleksandra**[4]

## THE INHERITANCE AND INHERITANCE OF THE WINE IN ROMAN LAW

**Abstract**: Wine as a product, as a beverage has been known since time immemorial. Throughout history, it seems that the wine has always been present on tables and is a part of the nourishment, and it was produced both from grapes and other fruits that can ferment (blackberry or raspberry). We also find notes about wine in the *Holy Scriptures*, the Bible, as in the earliest codes known to the civilization. In this article, the authors will give primacy to a historical legal system - the Roman law, which leaves a system of permanent values and is still current in the sphere of science and scientific research. The focus of this article is the presentation of wine, which was considered a generic item (*res*) in ancient Rome, from the perspective of inheritance. The purpose of this article will be to present the Roman legal rules that are related to the inheritance and inheritance of wine in accordance, with the usage of the historical method. Also, the purpose of this article is to present the wine in a specific historical period, to show that in Roman law, special and specific legal rules were dedicated to it and existed in inheritance.

**Keywords**: *history, rules, law, product, amphorae.*

## ВОВЕД

Многумина би рекле дека се работи за специфична тема затоа што одгледувањето на виновата лоза и грозјето како основна суровина за производство на виното припаѓа на земјоделците и земјоделието, а самото производство на виното е дел од винариите и винарските визби, сепак, неспорно е дека денес целиот процес од „земја до трпеза" е регулиран со современото законодавство, а современото законодавство може да биде предмет на нов труд и нови истражувања. Меѓутоа, со намера да се прикаже еден правен систем од историјата – римското право и еден специфичен сегмент – наследувањето и наследувањето на виното во римско доба, во воведните согледувања повеќе од неопходно е да се претстави виното низ правната историја.

1) Доцент, Висока школа за пословну економију и предузетништво, Белград, e-mail: a.atanasovska@yahoo.com
2) Вонреден професор, Висока школа за пословну економију и предузетништво, Белград, e-mail: aleksandra.aj17@gmail.com
3) Assistant professor, Faculty of Business Economics and Entrepreneurship, Belgrade, Republic of Serbia. E-mail: a.atanasovska@yahoo.com
4) Associate Professor, Faculty of Business Economics and Entrepreneurship, Belgrade, Republic of Serbia. E-mail: aleksandra.aj17@gmail.com

Создавањето на виното се смета дека е постаро и од човештвото. Основната суровина – виновата лоза, се претпоставува дека е постара и од цивилизацијата.[5] Виното, пред сè, е забележено во Библијата, во која се наоѓаат 165 директни писанија за виното, од кои 155 се во Стариот завет.[6] И покрај тоа што фараоните во Египет уживале да одгледуваат винова лоза на бреговите на реката Нил, соoглед на непостоењето на цврсти пишани законски нормативи, можеме само да претпоставуваме дека виното било спомнато во правните правила во царството Египет. Првите бележења на виното како пијалок ги детектираме во најзначајниот законик за Вавилон, Хамурабиевиот законик.[7] Уништувањето на Вавилон од страна на Хетитите не значело дека виното престанува да постои, а со тоа престанува и неговото спомување во закониците кои допрва во историјата треба да се донесат. Напротив, виното е спомнато и во Хетитскиот законик,[8] што наведува на заклучокот дека виното е дел од редовинот живот во царството Хетитија, а виното останува и натаму „да живее во историјата“. Виното не отсуствува и од Гортинскиот законик, легислативниот акт на аристократскиот критски полис Гортин кој датира од средината на V век пред нашата ера.[9] Иако одредбите (Колумна X) се однесуваат на семејните правила за посвојувањето, сепак виното се споменува и во овој стар законик.[10] Сето досега речено, а во согласност со цитираните законски одредби, нé наведува на заклучокот дека виното првенствено било користено во ритуалите и обредите, но било и дел од обичниот, редовен живот кога луѓето од тоа време, во крчмите уживале во „капката – дар од Боговите“.

Големиот и моќен Рим, како што потврдуваат многумина историчари и романисти, на човековата цивилизација оставил големо наследство.[11] Големото цивилизациско наследство, не само што го пронаоѓаме во римските правни правила, го пронаоѓаме и во наследството во однос на виното. Римјаните во виното уживале многу пред постоењето на Римската Империја, а забележано е дека Етрурците[12] во делот на денешните Лацио и Тоскана правеле одлично вино. Како Грците напредувале кон Италија, така со себе го донеле и богот Дионис (богот на виното), каде во паганската римска култура Дионис добива ново име – Бахус, па дури и Хорације запишал: „Бахус ги обожува ридовите“.[13] Во чест на богот Бахус, во светите шуми во близината на Рим, се одржувале Бахиналиите, кои после донесувањето на *Senatus Consultum de Bacchanalibus* во 186 г. п.н.е., ваквите прослави биле поргласени за нелегални.[14] Интересен е фактот кој говори дека во виното уживале и самите римски императори. Божествениот Цезар, за време на гозбите кои ги приредувал, па дури и за време на познатата „гозбата на дванаесетте богови„ за која се облекувал и дотерувал како Аполон,[15] претпочитувал да пие и служи вино од Грција, особено домашното вино „фалеријан“, за кое се смета дека му било омилено.[16] И не само императорите ами и војниците и робовите уживале во виното. Виното, секако, било дел од општествениот, трговскиот и статусниот живот во тогашниот Рим, се сметало за едно од основните животни намирници и никому не смеело да му биде недостапно.[17]

Римјаните, до таа мера биле почитувачи на виното и производители на виното што на пазарите и трговијата со виното доминирало црвеното вино, но произведувале и ценеле бело вино, знаеле

5) Aleksandra Jovanovic, Aneta Atanasovska Cvetkovic, Wine as an agricultural and food product: a historical and legal approach, *Економика пољопривреде*, Београд, vol. LXIX, no. 2, 2022, стр. 517.

6) За пример наведуваме: Стар завет, Битие (1.Мој.) 9, 21:„ *Се напи вино и се испијани, па се разголи во својот шатор*“; Од Новиот завет, како пример го наведуваме Евангелието по Јован, 2:10: „*и му рече: Секој човек најнапред го изнесува доброто вино, а кога ќе се поднапијат – слабото. Ти си го чувал доброто вино досега.*“

7) Член 108: „ *Ако крчмарката, како цена за [ферментираниот алкохолен] пијалок, наместо жито, зема пари – па, ако цената на пијалокот е помала во однос на [вредноста на] житото, тогаш [тоа] треба да се докаже и [таа] ќе биде фрлена во вода [и удавена].*“; Димитар Апасиев, *Антички правни споменици Хрестоматија*, Скопје 2017, стр. 45.

8) Член 164: „ *Ако некој оди во воен поход, тогаш треба да одбере [што ќе жртвува] – во жртвеникот треба да стави или фино [мелено] брашно или [црвено] вино.*“ *Ibid,* стр. 182.

9) Ljubica Kandić, *Odabrani izvori iz opšte istorije države i prava*, Beograd, 1988, стр. 73.

10) Колумна X, „*… А посвоителот, [како одбележување на свеченоста на чинот,] нека ѝ принесе на својата хетајрија жртва и бочва вино.*“; Димитар Апасиев, *Антички правни споменици Хрестоматија*, Скопје 2017, стр. 203.

11) Анета Атанасовска Цветковиќ, Римскиот *emptio venditio* (договор за купопродажба) во францускиот Code civile од 1804 година, *Годишен зборник*, Правен факултет Штип, Штип, год. 11, vol. XI, стр. 33.

12) Се претпоставува дека Етрурците биле бегалци за време на нападите од Хтитите кои се населуваат на просторите на Апенинскиот Полуостров.

13) Ричард П. Вајн, *Почитување на виното*, Скопје, Арс ламина, 2012, стр. 53.

14) Текстот е достапен на: https://www.forumromanum.org/literature/sc/sc_bacch_e.html

15) Гај Светониј Транквил, *Дванаесетте римски цезари*, Скопје, Ѓурѓа, 2013, стр. 76.

16) Ричард П. Вајн, *Почитување на виното*, Скопје, Арс ламина, 2012, стр. 54.

17) Самир Аличић, Винске посуде (*vasa vinaria*) у римском праву, *Анали Правног факултета у Београду*, Београд, 2017, 65(1), стр. 131.

да дефинираат кое вино е старо вино,[18] а умееле и да направат разлика и да одлучат кое вино е соодветно за конкретен вид на храна.[19] Кога говориме за трговијата со виното и продажбата на виното, мораме да наведеме дека виното го чувале во подрумите (*cella vinaria*), во посебни вински садови (*vasa vinaria*) какви што биле амфори (*amphora*), бочви (*dolium*)– цистерни (*dolium*), резервоари (*laccum*), ќупови (*cadi*) урни (*urnae*), буриња (*cuppae*), кожни мевови (*utres*) и огромни кожни мевови (*cullei*). Сите овие садови собирале различна количина течност,[20] а последните два сада *utres* и *cullei* биле соодветни при преносот и трговијата со виното низ целата римска империја. Садовите во кои се чувало виното ги наоѓаме спомнати и прибележани во Дигестите, во *De agricultura* на *Cato* (Катон Постариот), *De rustica* на Varo. Вака претставен историјатот на виното низ историските законици, а имајќи предвид дека виното се сметало за *res* во римското право, големиот географски простор што го опфаќала Римската Империја за продажба и трговија на виното, како и правните правилата за негово прометување во Дигестите – D.18, се наметнуваат прашањата: што понатаму се случувало со виното како дел од оставината? како се наследувало виното во римското право? За да одговориме на овие прашања, пред сè, неопходно е да го претставиме наследувањето во римското право.

## 1. НАСЛЕДУВАЊЕТО ВО РИМСКОТО ПРАВО

Наследувањето во римското право се развило како резултат на појавата на приватната сопственост.[21] Во согласност со D.50,17,62, наследството (наследувањето) не претставува ништо друго освен влегување (стапување) во сите права кои умрениот ги имал,[22] а неспорно е дека наследникот ги имал истите овластувања и права кои ги имал и покојникот.[23] Оттука, под терминот наследување, во римското право, се подразбира збирот на сите наследливи права и обврски затоа што наследникот „стапува на местото од покојниот" (*succedit in locum defuncit*), а со наследувањето стекнувал и овластувања со јавноправен карактер.[24]

Се појавуваат и три термина кои ги познава римското право: оставител, наследник и оставина. Одредувањето на овие термини неопходно е сфаќањето дека правата и обврските биле наследливи. Оставител (*defunctus, de cuicus*) претставувало секое физичко лице кое било носител на овие права и обврски за време на својот живот, а од можноста да се биде оставител, во согласност со римските правила, исклучени биле лицата *alieni iuris* и робовите (*servus*) и тоа приватните робови.[25] Наследникот (*heres*) било секое физичко лице кое во моментот на делацијата (смртта на оставителот) било живо, без него наследувањето не би било можно, а во Рим биле познати универзалниот сукцесор и сингуларниот сукцесор.[26] „Секое физичко лице" подразбира и тоа дека наследник можел да биде и робот, а за наследник било сметано и нероденото дете на оставителот.[27] Оставината, наследството (*hereditas*), во римско време, претставувала збир од имотни права и обврски кои преоѓаат на наследникот од покојникот, а нејзината актива и пасива се стекувала со единственен акт за наследување, што се смета за универзална сукцесија, која и ден денес се користи во современото законодавство.

Во римското право постоеле неколку видови наследување. Наследувањето можело да биде врз основа на закон (интестатско), врз основа на тестамент (тестаментарно) и нужно наследување. Со интестатското наследување, чија основа е за законските редови, имотот од покојникот преоѓа на лицата од ист круг од иститот семеен колектив, а се темелело на агнастската врска по patria potestas.[28] Овој вид на наследување се сретнува уште во старото *ius civile*. *Lex Duodecum*

18) Иако не се наведени бројот на години кои го чинеле виното старо, сепак сметале дека станува збор за „истек на години во кои виното станува старо". Оваа детерминација ја наоѓаме во Дигестите - D.33.6.10.

19) Rod Phillips, *Short history of wine*, London, 2000, стр. 39 – 40.

20) На пример, една амфора можела да прими 26 l вино.

21) Иво Пухан, Мирајна Поленак-Аќимовска, Владо Бучковски, Гоце Наумовски, *Римско право*, Скопје, 2014, стр. 351.

22) D.50,17,62 Iustianus libro sexto digestorum – „*Hereditas nihil aliud est, quam succesio in universum ius quod defunctus habuerit*." – „Наследувањето не е ништо друго ами стапување во сите права што ги имал покојникот." Ante Romac, *Izvori rimskog prava,* Zagreb, 1973, стр. 466 – 467.

23) D.50,17,59 Ulpianus libro tertio disputationum – „*Heredem eiusdem potestatis iurisque esse, cuiuc fuit defunctus, constat*." – „Нспорно е дека наследникот има исто овластување и право како и умрениот."

24) Žika Bujuklić, *Forum Romanorum*, Beograd, 2010, стр. 367.

25) Робовите во стариот Рим биле поделени на приватни робови и јавни робови. Што се однесува до јавните робови, тие можеле да располагаат со половина од пекулиумот.

26) Сингуларната сукцесија се појавува во посткласичината фаза на развојот на римското право.

27) Во римското право, како наследници се појавувале и правните лица, а како римската правна историја проаѓа низ три периода (старо право, класично право и посткласично право), за посткласичното право, во однос на наследниците, специфичноста се огледа во тоа што и црквите можеле да се сметаат за наследници.

28) Marijan Horvat, *Rimsko pravo*, Zagreb, 2002, стр. 394.

*Tabularum* (Закон на 12 таблици),[29] кој претставува значаен извор и основа на римското право, во таблицата V го наведува правилото за наследување на основа на агнатската врска. Така, под 4, во оваа таблица се вели дека секој оној кој умрел без да остави свој тестамент, а при тоа немал свој наследник (*suus heres*), оставнината нека ја добие најблискиот агнат.[30] Оттука, законското наследување земало свој примат само во случај на непостоење на тестамент. Од оваа таблица, а во согласност со цивилното право, произлегуваат и трите редови на законски наследници: 1) *sui heredes* – агнатски членови на семејството (куќната заедница), кои се повикуваат на наследство во прв ред, биле под непосредна patria potestas, а после смртта на оставителот стануваат лица *sui iuris*;[31] 2) *proximus agnatus* – лица кои биле подалечни агнати, не припаѓале на *sui heredes*, не биле под власт на оставителот, а се повикувале на наследство само ако не постои ниеден наследник од првиот ред;[32] 3) *gentiles* – се сметале за третиот наследнен ред, биле припадници на истиот род, се повикувале на наследство само во случај да не постојат ни наследниците од првиот ред ни наследниците *proximus agnatus*.[33] Овие наследни редови, секако, со текот на времето се адаптираат на развојот на семејната заедница и на сопственоста, а се менуваат и во согласност со преторското право, царското право и јустинијановото право,[34] за чие подробно разгледување потребен е дополнителен труд.

Во истата таблица, таблица V, во т. 6 се споменува и тестаменот во контекст на туторството,[35] но сепак, повеќе од јасно е дека тестаментот (*testamentum*) е од дамнина познат меѓу Римјаните. Меѓутоа, ова не смее да внесе забуна и да се сфати како слободно тестаментално располагање (последна волја на оставителот). Напротив, вака наведениот тестамент значајно се разликува од тестаментот кој се појавува подоцна во римското право, во периодот на Републиката, некаде околу III или II век п.н.е. Во секој случај, правилото на римското право вели дека доколку постои тестамент, таквото наследување има предност во однос на законското наследување, а во исто време не можело да се наследува и врз основа на тестамент и врз основа на законското наследување, па и Гај во своите Институции вели дека се наследува или врз основа на закон или врз основа на тестамент.[36]

Актот (или правната работа) кој е составен пред сведоци – *testamentum* - е едностран акт *mortis causa* во кој мора да се содржи името на наследникот или наследниците, а требало да биде израз на слободната последна волја на оставителот (*ultima voluntas*).[37] Само се наметнува прашањето: кои биле тестаментите кои важеле во римското право? И тестаментите заслужуваат детаљна разработка во посебен труд или трудови, но за потребите на овој труд, накусо ќе бидат разгледани.[38] Повторно, во Гаевите институции наоѓаме дека првично, на почетокот постоеле два облика на тестамент: *testamentum comitiis* и *testamentum in procinctu*. Првиот тетсамент бил тестамент кој се составувал пред куријатското народно собрание (куријатски комиции), додека пак *testamentum in procinctu* претставувал вонреден тестамент кој се составувал во војна, каде војникот ја изјавувал својата последна волја без многу формалности, а ја изјавувал пред своите

29) Донесен е 451 и 450 г.п.н.е. За интестатското наследување во Законот 12 таблици види: Kovačević Danijela, Intestansko (zakonsko) nasleđivanje prema Zakonu XII tablica, *PRAVO - teorija i praksa*, Beograd, br. 01–03 / 2019, стр. 31-41.

30) Lex Duodecum Tabularum, tabula V, 3.4: „*Si intestato moritur, cui suus heres nec esit, agnatus proximus familiam habeto*.“ – „Ако некој умре без тестамент и нема свој наследник (*suus heres*) нека најблискиот агнат ја добие оставината.“ Текстот на законот и преводот е достапен на: https://ius.bg.ac.rs/wp-content/uploads/2020/09/12-tablica.pdf

31) За *sui heredes* се сметале: деца од легитимен римски брак, арогирани и адоптирани деца, внуците од претходно покојните деца, еманципирани синови кои во моментот на смртта на оставителот биле под негова власт и жената која била во manus брак со оставителот.

32) За *proximus agnatus* се сметале: браќа, сестри, потомците на браќата и сестрите, братучеди, стриковци.

33) Не знаеме како се наследувало кај гентилите затоа што не постојат соодвети извори од кои би го виделе начинот на наследувањето. Фридрих Енгелс, *Порекло породице, приватне својине и државе*, Београд, Култура, 1950, стр. 124.

34) Ante Romac, *Rimsko pravo*, Zagreb, 1987, стр. 364-370.

35) Lex Duodecum Tabularum, tabula V, 6.: „*Quibus testamento... tutor datus non sit, iis ex lege XII tabularum agnati sunt tutores*.“ „ Оние на кои не им е одреден тутор врз основа на тестамент во согласност со Законот XII таблици, агнатите ќе им бидат тутори“,

36) Gai, Inst, 2, 99: - „ *Ac prius de hereditatibus dispiciamus, quarum duplex condicio est : nam vel ex testamento vel ab intestato ad nos pertinent.*“ „ Најпрво да го разгледаме наследувањето, кое може да биде двојно: наследуваме или по тестамент или врз основа на закон.“; Obrad Stanojević, *Gaj Institucije*, Nolit, Beograd, 1982, стр.114 – 115.

37) D.28,1,1 Modestinus libro secondo pandectarium: - „*Testamentum est voluntatis nostra iusta sententia de eo, quod quis post mortem suam fieri velit*.“ – „Тестаментот е валидна изјава на волја во врска со она што некој би сакал да се случи после неговата смрт.“

38) За тестаментот види: Milan Počuča, Nenad Stefanović, Institut testamenta kao nasleđe iz rimskog prava, *Pravni zapisi,* Pravni fakultet Univerziteta Union, Beograd, 2019, god. X, br. 2 (2019), стр. 517 – 531.

другари војници.[39] Како вели понатаму Гај, трет облик тестамент кој се појавува во римското право е тестаментот *per aes et libram*, а својот назив го добива затоа што се обавува во облик на манципација. Тестаметот го правел, составувал секој оној кој не составил своја последна изјава на волја пред комициите, а не земал оружје во раката за војни цели па веќе составил тестамент *in procinctu*.[40] Првите два облика го губат своето значење, ја напуштаат „римската правна сцена" и излегуваат од употреба, а натамошниот развој на тестаментот го прати развојот на правото: преторското право, царското право и јустинијановото право.[41]

На крајот, во најкратки црти да го претставиме и нужното наследување. И развојот на нужното наследување го прати развојот на старото цивилно право, преторското, царското и јустинијановото право. Основа наоѓа во *Lex Duodecum Tabularum*, во таблицата V, под 3 се вели: „како некој одреди за својот имот, така законот нека биде", па оставителот имал право во најширока смисла на зборовите да именува наследници и да остава легати, а можел и некого да лиши од наследство. Оттука, за тетсаментот да „има смисла" по старото ius civile оставителот имал свои потомци кои биле под негова власт, вклучително и жената *in manu*. Во ниеден поглед не смеел да ги прескокне – praeteritio, па морал да ги именува за наследници или да ги исклучи од наследувањето - *exheredatio*. Доколку оставителот не постапел вака, тестаментот бил ништовен, а се применувало законското наследување. Во класичното право ваквата слобода не постои, а правниците од тоа не успеваат да го создадат терминот „нужно наследување".[42]

## 2. НАСЛЕДУВАЊЕ НА ВИНОТО ВО РИМСКОТО ПРАВО

Во римското право, наследникот ги наследувал правата и обврските од покојникот, а кои биле поврзани за покојниковиот имот. Се наследувала сопственоста, реалните службености, заложните права, закупот, побарувањата од заемот, купопродажбата.[43] Од горе претставеното наследување, следствено, сфаќаме дека и виното било наследувано, а оставителот можел да го остави преку тестамент, но и да биде дел од законското наследување, доколку отсувувал тестаментот.

Конкретни римски правни правила поврзани за наследувањето на виното наоѓаме во Дигестите, во Книгата 33 и Титулус 6 „Што се однесува до завештувањето на пченицата, виното и маслото" (*De tritico vino vel oleo legato*).[44] На прво читање, се стекнува впечатокот дека Римјаните се однесувале со посебен пиетет кон виното иако се работело за неговото наследување, го чувале во своите подруми, во посебни садови. Во согласност со D.33, 6, 1, сфаќаме дека, освен виното чувано во подрумите, се наследувал и оцетот кој би се нашол измеѓу амфорите.[45] Меѓутоа, наследникот оцетот не смеел да го испорачува. Исто така, при првото читање доаѓаме до сознанието дека Римјаните, освен виното, во завештанието го оставале и сето она кое потекнувало од виновата лоза и ја задржувало природата на самото вино.[46]

Староста на виното, исто така, играла битна улога по повод наследувањето на виното, а староста се утврдувала во согласност со обичаите на оставителот, односно обичаите биле тие кои колку време требало да поминат за едно вино да може да се смета за старо вино.[47] За старо вино

39) Gai, Inst, 2, 101: - „*Testamentorum autem genera initio duo fuerunt: nam aut calatis comitiis testamentum faciebant, quae comitia bis in anno testamentis faciendis destinate errant, aut in procinctu, id est cum belli causa arma sumebant: procinctus est enim expeditus et armatu exercitus. Alterum itaque in pace et in otio faciebant, alterum in proelium exituri*." - „На почетокот постоеја два облика тестаменти: *calatis comitiis*, донесен пред комицијата која се составувала два пати годишно поради правење тестамент, и тестамент *in procinctu*, то ест, кога заради војна е земано оружје: *procinctus* е за бој спремна и наоружана војска. Еден, значи, правен е во мир, а другиот кога се спремале за борба."

40) Gai, Inst, 2, 102: - „*Accessit deinde tertium genus testamenti, quod per aes et libram agitur. Qui neque calatis comitiis neque in procinctu testamentum fecerat, is si subita morte urguebatur, amico familiam suam, id est patrimonium suum, mancipio dabat, eumque rogabat quid cuique post mortem suam dari vellet. Quod testamentum dicitur per aes et libram, scilicet quia mancipationem peragitur*." – „Подоцна створена е и трета врста тестамент, која се обавува во форма *per aes et libram*. Оној кој не составил тетсамент пред комицијата, ниту *in procinctu*, ако му се заканила изненадна смрт, давал преку манципација на својата фамилија, то ест својот имот на пријател и му наложувал што кому после неговата смтр ќе даде. Овој тестамент се нарекува *per aes et libram*, затоа што се обавува во облик на манципација."

41) Мирослав Милошевић, *Римско право*, Београд, 2011, стр. 414 – 416.

42) Ibid, стр. 424.

43) Žika Bujuklić, *Forum Romanorum*, Beograd, 2010, стр. 368.

44) Aleksandra Jovanovic, Aneta Atanasovska Cvetkovic, Legal aspects of wine in Roman law, contemporary law and the Criminal law in Republic of North Macedonia, *Iustinianus primus Law Review*, vol.12, issue 2, year 2021, стр. 6.

45) Ulpianus libro 20 ad Sabinum – „ Vino legato acetum quoque continetur, quod pater familias vini numero habuit." – „Таму каде се завештува виното, се вклучува и оцетот кој домаќинот го чувал заедно со виното." За потребите на овој труд авторите сами вршат превод од Дигестите, Книга 50, титулус 6 која е достапна на: https://droitromain.univ-grenoble-alpes.fr/Anglica/D50_Scott.htm

46) D.33.6,9. pr.

47) D.33.6,10 Hermogenianus libro secundo iuris epitomarum – „*Ex usu testatoris legatum aestimabitur, id est quot annorum*

во стариот Рим се сметало секое вино кое било произведено минатата година.[48]

Уште едно сознание добиваме од Дигестите во Книгата 33 и насловот 6, а што укажува на тоа дека Римјаните биле навистина посебни, а тоа ги чинело и единствени, во однос на наследувањето на виното - познавале и препознавале засладени (слатки) вина. Таму каде што се завештувале, оставале во наследство засладени вина и доколку во тестаментот не пишувало поинаку, тогаш се наследувало и виното кое било помешано со мед, виното направено од суво грозје, младото вино кое било зачинето и сварено, а се наследувале и слични пијалоци од грозје, смокви, урми и суво овошје.[49]

Постоело правно правило кое наметнувало обврска за наследникот: доколку 100 мерки, како се вели во Дигестите, се завештани, во тој случај требало барем една мера да се остави за имотот. Во спротивно, наследникот можел да купува вино.[50] Во случај да извесни одредби, наредби и налози постоеле и биле некому оставени (со тестаментот), а виното било оставено на друго лице, во тој случај наредбите останувале на првиот легатар, а виното се изземало од ваквите наредби или налози.[51] На наследникот на кој му е оставено задолжението некому да достави вино, имал обврска да ја достави сета количина на вино што ја пронашол во амфорите или во останатити садови во кои било виното чувано.[52] Што се однесува до обврската на наследникот, врз основа на наредбата, налогот на оставителот, да виното го остави на својата жена, тогаш, правниците сметале дека наследникот можел виното да го остави во количина во која што тој сакал во случај да количината на виното не е наведена од страна на оставителот. Но, други правници сметале дека целата количина на вино треба да биде доставена на жената и покрај тоа што оставителот јасно не навел за колкава количина на вино станува збор.[53] Кога се говори за обврските на наследникот, треба да се наведе и тоа дека во случај да наследникот е задолжен за испорака на виното што се наоѓало во бочви, а легатарот виното не го примил, на наследникот припаѓа одговорноста за излевање на виното. Во овој случај се наметнува дилемата: дали наследникот имал право да го излее виното од садовите ако легатарот не дошол на време или времето кога легатарот требал да го преземе виното е одредено во тестаментот? Кон дилемата придонесува и можноста дадена на легатарот поднесе тужба како би го повратил веќе одлеаното виното од наследникот. Практичните и полни со неопходна правна логика Римјани ваквата тужба ја забрануваат, но оставаат исклучок: тужбата е дозволена во случај на *doli mali*.[54] Дигестите во овој наслов не даваат јасни насоки за разрешување на дилемата.

Интересен е фактот што на наследникот се оставало правило кое требало да го испочитува - да го дегустира виното кое го наследува. Така, доколку во тестаментот му се оставени мерки (количина) од 100 амфори вино да наследи со можност сам да избере, можел да поведе постапка врз основа на тестаментот како би го задржал своето право да го дегустира и избере, за себе, најубавото вино.[55]

Низ Дигестите се наметнуваат и неколку проблеми со кои се соочувале римските правници, а настанувале по повод наследувањето на виното: што е садот во кој се чува виното? *Species*? *Pars*? *Accessorium*? Дали се наследува само виното или со виното се наследува и амфората, урната, бочвата? D.33.6,3,1 наведува дека римските правници имаат различни ставови кои се однесуваат на садовите: некои правници сметаат дека се наследуваат и садовите, особено амфорите, во кои виното се чува, не затоа што се дел (припадок) на виното, него се наследуваат само затоа што намерата, волјата на оставителот била да амфорите (садовите) бидат припадок на виното. Што не е случај ако виното било наследено во бочви, буриња или цистерни каде количината на течноста (виното) која можат да ја соберат е многу поголема од количината на вино која ја собира во

*vino pro vetere utebatur. Quod si non appareat.*“ – „Староста на виното кога се завештува се утврдува според обичаите на оставителот, то ест, колку години се потребни да виното стане старо, ако не било познато.“

48) D.33.6,11 Ulpianus libro 23 ad Sabinum – „Vetus accipietur, quod non est novum: id est et anni prioris vinum appellatione veteris continebitur:“ – „ Под „старо вино“ се разбира виното што не е младо, то ест, виното од претходната година ќе биде опфатено со поимот „старо“.“

49) D.33.6,16,1 Proculus libro tertio ex posterioribus Labeonis – „ *Cui dulcia legata essent, si nihil aliud testamento significetur, omnia haec esse legata: mulsum passum defrutum et similes potiones, item uvas ficos palmas caricas*.“ – „ Таму каде засладените вина се завештуваат, а не постои никаква белешка во тестаментот, во оставината се вклучува следното: вино помешано со мед, вино од суво грозје, младо вино сварено и зачинето и слични пијалоци кои содржат грозје, смокви, урми и суво овошје.“

50) D.33.6,3.

51) D.33.6,2, pr.

52) D.33.6,6.

53) D.33.6,7.

54) D.33.6.3.1.

55) D.33.6,2,1.

амфората или урната. Вака било решено во стариот Рим само затоа што бочвите (големите садови за чување на виното) биле или закопани во земја или прицврстени за тлото или едноставно биле тешки да се поместат од едно на друго место. Ако понатаму је развиеме дискусијата во овој труд обидувајќи се да најдеме соодветна солуција за тоа дали амфорите се припадок на виното или не, навлегуваме во уште еден дел на римското право – стварното право (*ius quod ad res pertinent*), стварното право не е предмет на истражување во овој труд – го оставаме за некоја друга прилика.[56]

**НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК**

Несомнено, виното е дел од човековиот живот, дел од ритуалите поврзани за секојдневието, а се дел од исхраната. Во овој труд видовме дека писанијата и бележењата на виното во историските законици постојат векови наназад, а тоа нé наведува на можниот заклучок: секоја епоха, секој историски период опфатен во овој труд преку нему автентичниот закон и правните правила, го има виното како дел од општествениот живот, а дел било и од ритуалите и обредите, па макар се работело за свадбени или погребни ритуали. Се чини дека виното го одбележува човековото раѓање и човековото напуштање на овоземскиот свет.

Пиетет кон виното, се чини, има секој народ низ историјата. За Римјаните, би можело да се каже дека освен пиетет, го создале и оличиле виното во богот Бахус, кој секогаш на уметничките слики од најрано доба па до современото сликарство е претставен со грозје, бочви вино и грал полн со вино. Старите Римјани не застанале тука. Продожиле понатаму и користејќи ја својата прагматичност и чувство за правото кое го поседувале, а како резултат на едно исклучително почитување на виното, во делот на наследувањето и наследното право, во Дигестите го вметнуваат и виното и неговото наследување.

Во извесна мерка зачудува фактот што во Дигестите вметнато е правилото дегустација на виното како дел од оставинската маса. Зачудува и фактот што постои и правно правило кое се однесува на тоа што значи старото вино, што е вметнато и правило за наследувањето на слатките вина што укажува на уште нешто: го препознавале слаткото вино, го произведувале, а секако, и го продавале. Не само слаткото вино, продавале и црвено и бело вино, младо и старо, а за да го продаваат неопходно е производство и одгледување на винова лоза.

Сепак, тоа што денес е асоцијација Италија, покрај храната, е виното. Нејзините вински региони, квалитетните сорти на грозје, производствените капацитети и квалитетните вина кои ги пласираат на светските пазари, би можеле една голема заслуга да препишеме на старите Римјани кои виното го креваат дури и на правен пиедестал. И покрај мислењата дека виното и начинот на производство на виното на римското тло го носат старите Грци, не смееме да го негираме размислувањето дека старите Римјани виното и уживањето во виното го подигаат на едно ниво, ниво на хедонизам. Од друга страна, на секое тло на кое стапнале Римјаните, денес се сметаат за држави со долга винска традиција и уживање во „капките ферментирано грозје". За пример можеме да ја издвоиме Република Северна Македонија со богатите виногорја, вински реони и квалитетни вина, но и Франција со нејзните реони и вина.

**Користена литература:**

**Книги**

[1] Апасиев, Д. (2017) *Антички правни споменици Хрестоматија*. Скопје: Magna Carta.
[2] Bujuklić, Ž. (2010) *Forum romanorum*. Beograd: Pravni fakultet Univeryiteta u Beogradu, Centar za izdavaštvo i informisanje.
[3] Вајн, Р. П. (2012) *Почитување на виното*. Скопје: Арс ламина
[4] Енгелс, Ф. (1950) *Порекло породице, приватне својине и државе*. Београд: Култура.
[5] Kandić, Lj. (1988) *Odabrani izvori iz opšte istorije države i prava*. Beograd: Savremena administracija.
[6] Милошевић, М. (2011) *Римско право*. Београд: Правни факултет Универзитета у Београду.
[7] Phillips, R. (2000) *Short history of wine*, London: Alan Lane.
[8] Пухан, И.; Поленак- Аќимовска, М.; Бучковски, В.; Наумовски, Г.(2014). *Римско право*. Скопје: Правен факултет „Јустинијан I", Скопје.
[9] Romac, A. (1973) *Izvori rimskog prava*. Zagreb: Informator.
[10] Romac, A. (1987) *Rimsko pravo*. Zagreb: Narodne novine i Pravni fakultet u Zagrebu.
[11] Stanojević, O. (1982) *Gaj Institucije*. Beograd: Nolit.
[12] Транквил, Г.С. (2013) *Дванаесетте римски цезари*. Скопје: Ѓурѓа.
[13] Horvat, M. (2002) *Rimsko pravo*. Zagreb: Sveučilišna tiskara.

56) Сепак, ставот на авторите на овој труд е дека садовите во кои виното се чувало, не зависно од тоа дали се чувало во амфори, бочви или урни може да се сметаат за accessorium затоа што во исто време се самостални res кои се наменети да го овозможат или да го олеснат користењето на некоја друга, главна ствар, во овој случај – виното.

**Зборници**

[1] Аличић, С. (2017) Винске посуде (vasa vinaria) у римском праву. *Анали Правног факултета у Београду*, Београд. Година LXV, 1/2017, стр. 131 – 150.

[2] Атанасовска Цветковиќ, А. (2021) Римскиот emptio venditio (договор за купопродажба) во францускиот Code civile од 1804 година. *Годишен зборник*, Правен факултет Штип, Штип, год. 11, vol. XI, стр. 31 – 40.

[3] Jovanovic, A., Atanasovska Cvetkovic, A. (2021) Legal aspects of wine in Roman law, contemporary law and the Criminal law in Republic of North Macedonia. *Iustinianus primus Law Review*, Skopje. vol.12, issue 2, year 2021, стр. 1 – 14.

[4] Jovanovic, A., Atanasovska Cvetkovic, A. (2022) Wine as an agricultural and food product: a historical and legal approach. *Економика пољопривреде*, Београд. vol. LXIX, no. 2, 2022, стр. 517 – 532.

[5] Kovačević, D. (2019) Intestansko (zakonsko) nasleđivanje prema Zakonu XII tablica. PRAVO - teorija i praksa, Beograd. br. 01–03 / 2019, стр. 31 – 41.

[6] Počuča, M., Stefanović N. Institut testamenta kao nasleđe iz rimskog prava. *Pravni zapisi*, Pravni fakultet Univerziteta Union, Beograd, 2019, god. X, br. 2 (2019), стр. 517 – 531.

**Текстови и законски текстови**

[1] Гортински законик

[2] Дигести, достапно на: https://droitromain.univ-grenoble-alpes.fr/

[3] Закон 12 таблици, достапно на: https://ius.bg.ac.rs/wp-content/uploads/2020/09/12-tablica.pdf

[4] Свето писмо – Библија, достапно на:https://biblenow.net/mk/biblija/biblija-sveto-pismo-stariot-i-noviot-zavet

[5] Хамурабиев законик

[6] Хетитски законик